КБ
ПРВО
ПЕНЗИСКО
ДРУШТВО
Бр. 01-1803/1
22.03 2019 год.
АД СКОПЈЕ

# СТАТУТ

## НА КБ ПРВ ОТВОРЕН ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД - СКОПЈЕ

Скопје, Март 2019 година

Врз основа на член 14 од Одлуката за давање согласност донесена од страна на Надзорниот одбор на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје бр.02-612/2 од 30.01.2019 година, Управниот одбор на КБ Прво друштво за управување со задолжителни и добоволни пензиски фондови АД Скопје подготви и утврди пречистен текст на Статутот на КБ Прв отворен пензиски фонд - Скопје, кој ги опфаќа Статутот на КБ Прв отворен пензиски фонд - Скопје, Одлуката за измена на Статутот на КБ Прв отворен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-8022/3 од 04.12.2006 година, Одлуката за измена на Статутот на КБ Прв отворен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-2262/4 од 09.03.2007 година, Одлуката за измена на Статутот на КБ Прв отворен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-5661/3 од 12.06.2007 година, Одлуката за измена на Статутот КБ Прв отворен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-11987/4 од 27.12.2007 година, Одлуката за измена на Статутот КБ Прв отворен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-055/2 од 03.01.2008 година, Дополнителната одлука за измена на Статутот КБ Прв отворен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-678/2 од 24.01.2008 година, Одлуката за измена на Статутот КБ Прв отворен пензиски фонд Скопје, заведена под бр. 02-7090/3 од 01.08.2008 година, Одлуката за измена на Статутот КБ Прв отворен пензиски фонд Скопје, заведена под бр. 02-4456/2 од 06.05.2009 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-342 од 13.01.2010 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-7035/2 од 07.06.2010 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-12954/3 од 08.11.2010 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-6539/3 од 09.06.2011 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-9110/3 од 22.08.2011 година, Одлуката за измена на Статутот КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-13375/4 од 16.11.2011 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-12861/3 од 14.09.2012 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-2170/7 од 22.02.2013 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-5587/2 од 15.05.2014 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-10408/2 од 21.09.2016 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-3734/2 од 09.07.2018 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-6919/2 од 03.12.2018 година и Одлуката за измена и дополнување на Статутот КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје, заведена под бр.02-572/2 од 29.01.2019 година

# СТАТУТ

## на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Овој акт е основен акт на задолжителниот КБ Прв отворен пензиски фонд - Скопје.

Со овој Статут се уредуваат начинот и условите на зачленувањето на осигурениците определени во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за пензиско и инвалидско осигурување, во задолжителниот пензискиот фонд, евидентирањето на придонесите на осигурениците и другите средства, инвестирање на средствата внесени во задолжителниот пензискиот фонд, начинот на исплата на пензија на пензионираните членови и други прашања од интерес за остварување на целите на задолжителниот пензиски фонд.

## II НАЗИВ, ДЕФИНИРАЊЕ И СЕДИШТЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

### Член 2

Назив на фондот е: "КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје", скратен назив: "Прв задолжителен пензиски фонд".

Прв задолжителен пензиски фонд е отворен инвестиционен фонд и го сочинуваат придонесите и средствата на членовите, средствата на пензионираните членови и приносите од инвестираните придонеси и средства, намалени за надоместоците што се наплатуваат од задолжителниот пензиски фонд.

Сопственици на Прв задолжителен пензиски фонд се неговите членови и пензионирани членови.

Седиштето на Прв задолжителен пензиски фонд е во Скопје, на ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр.6.

## III УПРАВУВАЊЕ СО ПРВ ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

### Член 3

Со Прв задолжителен пензиски фонд од член 2 на овој Статут, управува: КБ Прво друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови А.Д. Скопје (понатаму во текстот: Друштво за управување).

Одобрение за управување со Прв задолжителен пензиски фонд издава Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување.

Седиштето на Друштвото за управување е во Скопје, на ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр.6.

Основната главнина на друштвото изнесува: 1.800.000,00 евра, во денарска противредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата и е поделена на 1800 обични акции, со номинален износ од 1000 евра, и тоа на:

1. Скупина Прва, заваровалнишки холдинг д.д. Љубљана, Република Словенија, 918 обични акции, што претставува 51% од основната главнина; и

2.Комерцијална банка АД Скопје 882 обични акции што претставува 49% од основната главнина.

## IV ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ПРВ ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

### Член 4

Друштвото за управување го претставува и застапува Прв задолжителен пензиски фонд пред трети лица.

## V ЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИОТ ФОНД

### Член 5

Средствата на Прв задолжителен пензиски фонд се доверуваат на чување на чувар на имот, согласно со закон.

Чувар на имотот на Прв задолжителен пензиски фонд е Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.

Чуварот на имотот на Прв задолжителен пензиски фонд ги врши следните работи:

а) ги чува безбедно хартиите од вредност кои претставуваат средства на Прв задолжителен пензиски фонд;

б) хартиите од вредност кои претставуваат средства на Прв задолжителен пензиски фонд како електронски записи ги води на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност;

в) ги чува документите за порамнување во врска со уплатата на парични средства на банкарската сметка на Прв задолжителен пензиски фонд и исплатата на парични средства од банкарската сметка на Прв задолжителен пензиски фонд;

г) работи како посредник за порамнување, продава или купува хартии од вредност врз основа на налози од друштвото и ги собира и наплаќа приходите од дивиденди, камати и сите други приходи кои произлегуваат од вложувањата на средствата на Прв задолжителен пензиски фонд;

д) осигурува дека договорите во врска со инвестиционото стекнување и пренесување на средствата на Прв задолжителен пензиски фонд се во согласност со закон, со статутот на Прв задолжителен пензиски фонд и со налозите за трансакциите на Друштвото за управување и дека тие налози се во согласност со закон;

ѓ) врши пресметка на нето средствата и на сметководствената единица на задолжителниот пензиски фонд, ги проверува и потврдува пресметките кои ги извршило Друштвото за управување и е одговорен за точноста на пресметките;

е) врши проверка на усогласеноста на портфолиото на задолжителниот пензиски фонд со инвестиционите ограничувања согласно со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и подзаконските акти;

ж) соработува и врши надзор на суб-чуварот на имот;

з) пресметува и уплаќа даноци поврзани со инвестициите и доставува барање за поврат и ослободување од данок; и

ѕ) известува за годишните собранија на акционерите од друштвата и за правата поврзани со сопственоста и ги извршува налозите поврзани со остварување на правата од сопственост.

## VI ЧЛЕНСТВО ВО ПРВ ПЕНЗИСКИ ФОНД

### Член 6

Членови на Прв задолжителен пензиски фонд се осигурениците кои се опфатени согласно со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

### Член 7

Осигуреникот може да биде член само во еден задолжителен пензиски фонд.

### Член 8

Договорот за членство во Прв задолжителен пензиски фонд го склучува осигуреникот од член 6 на овој статут и агентот на Друштвото за управување во форма утврдена од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финасирано пензиско осигурување (понатаму во текстот: Агенција).

### Член 9

Осигуреник кој прв пат потпишал договор за членство во Прв задолжителен пензиски фонд и дотогаш не бил член на ниту еден задолжителен пензиски фонд има право на еднострано раскинување на договорот по пат на писмен поднесок доставен до Друштвото за управување во рок од 8 работни дена од датумот на потпишувањето на договорот за членство.

По истекот на рокот од 8 работни дена, од датумот на потпишување на договорот, осигуреникот стекнува членство во задолжителниот Пензиски фонд и Друштвото за управување воспоставува индивидуална сметка за членот кој го потпишал договорот.

### Член 10

Друштвото за управување податоци од склучените договори ги доставува до Агенцијата со содржина, начин и форма пропишана од Агенцијата.

### Член 11

Осигуреник кој е задолжително опфатен во задолжителното капитално финасирано пензиско осигурување договорот за членството во Прв задолжителен пензиски фонд може да го склучи во рок од три месеци од вработувањето, односно пристапувањето во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување.

По вработувањето односно пристапувањето во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, Фондот на ПИОМ врши времено распоредување на осигуреникот при што Друштвото за управување за времено распределениот член воспоставува индивидуална подсметка во рамки на сметката на Прв задолжителен пензиски фонд.

### Член 12

Членот на Прв задолжителен пензиски фонд може да премине и да се зачлени во друг задолжителен пензиски фонд под услови утврдени со закон.

Член кој има индивидуална сметка во Прв задолжителен пензиски фонд може да премине во задолжителен пензиски фонд управуван од друго друштво со потпишување договор за премин со друштвото кое управува со идниот задолжителен пензиски фонд, потпишување изјава за согласност за премин и плаќање надоместок за премин доколку членот има обврска да плати надоместок согласно член 27 од овој Статут.

## VII ВНЕСУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ПЕНЗИСКИОТ ФОНД И НИВНО ЕВИДЕНТИРАЊЕ

### Член 13

Придонесите за задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување се собираат во единствена постапка на собирање на придонесите за пензиско инвалидско осигурување согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

### Член 14

Уплатата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување се врши согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

### Член 15

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија има обврска да ги пренесе уплатените придонеси на членовите на Прв задолжителен пензиски фонд, веднаш, а најдоцна во рок од 5 работни дена од приемот на придонесите на сметка на Прв задолжителен пензиски фонд кај чуварот на имотот, под услов во тој рок да биле примени и соодветни податоци согласно со закон, кои му овозможуваат на Фондот на ПИОМ да ја изврши таа обврска.

Доколку Фондот на ПИОМ не ги пренесува придонесите на членовите на Прв задолжителен пензиски фонд на сметката на Прв задолжителен пензиски фонд веднаш, а најдоцна во рок од пет работни дена од приемот на придонесите поради недостиг на соодветни податоци, Фондот на ПИОМ е должен во рок не подолг од три месеци од денот на приемот на придонесите да обезбеди соодветни податоци и да изврши пренесување на придонесите на членовите на сметката на Прв задолжителен пензиски фонд кај чуварот на имотот.

Кога придонесите ги пренесува по истекот на овој рокот од ст.2 на овој член, Фондот на ПИОМ е должен при пренесувањето на придонесите, да уплати и надоместок за ненавремено пренесување на придонесите.

Средствата за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, остварени по основ на ненавремено и нецелосно плаќање на придонес, се пренесуваат на индивидуалната сметка на членот на Прв задолжителен пензиски фонд.

Член 16

Друштвото за управување ги распоредува уплатените придонеси на индивидуална сметка која гласи на име на секој член на Прв задолжителен пензиски фонд.

Уплатените придонеси за осигурениците распределени од страна на Фондот на ПИОМ, кои не потпишале договор за членство, Друштвото за управување ги распределува на индивидуалните потсметки на осигурениците.

Член 17

За евиденција на индивидуалните сметки и потсметки Друштвото за управување користи сметководствени единици.

Претварањето на средствата од придонесите во сметководствени единици Друштвото за управување го врши на датуми пропишани од Агенцијата, врз основа на вредноста на сметководствената единица на тој датум.

Друштвото за управување ја определува вредноста на сметководствената единица согласно закон и другите прописи од областа на капиталното финансирано пензиско осигурување.

Член 18

Друштвото за управување води целосна и ажурна евиденција за индивидуалната сметка за секој член и на пензиониран член на задолжителниот пензиски фонд, за уплатените придонеси, односно исплатени и пренесени средства, бројот на сметководствените единици на сметката и вредноста на сметката како и други податоци утврдени со закон.

Член 19

Средствата на Прв задолжителен пензискиот фонд се целосно одвоени од средствата на Друштвото за управување и не можат да бидат предмет на побарување ниту врз нив може да биде спроведено извршување од страна или за сметка на доверител.

Друштвото за управување ја доверува одговорноста за чување на средствата на Прв задолжителен пензискиот фонд кај чувар на имот за што со него склучува посебен договор.

VIII ИНВЕСТИЦИОНА ПОЛИТИКА

Член 20

Средствата на Прв задолжителен пензиски фонд се инвестираат согласно закон и други прописи од областа на капиталното финансирано пензиско осигурување и со Инвестиционата стратегија и Инвестиционата тактика донесени од Управниот одбор на Друштвото за управување, а потврдени од Надзорниот одбор.

Орган за донесување на одлуките за инвестирање на средствата на Прв задолжителен пензиски фонд е Управниот одбор.

Управниот одбор ги разгледува и прифаќа извештаите за инвестирање на средствата на Прв задолжителен пензиски фонд на месечно ниво.

Управниот одбор формира Инвестиционен одбор со Одлука за формирање на Инвестиционен Одбор.

Инвестициониот одбор е советодавно, стручно тело кое врз основа на движењата и состојбите на финансискиот пазар и анализа на финансиските инструменти дава предлози на Управниот одбор за инвестирање на средствата на задолжителниот пензиски фонд во одделни финансиски инструменти.

Член 21

Тргувањето со хартии од вредност на Прв задолжителен пензиски фонд од страна на Друштвото за управување се врши на регулирани секундарни пазари на капитал, на пазари преку шалтер и на примари пазари за инструменти кои ги исполнуваат условите од законот и прописите донесени од страна на Агенцијата.

Друштвото за управување покрај работите од став 1 на овој член, може да:

- склучува договори за купопродажба на акции во сопственост на задолжителниот пензиски фонд во случај на преземање на акционерското друштво преку јавна понуда за преземање;
- купува акции издадени од акционерски друштва кои ги исполнуваат условите од Правилникот за инвестирање на средствата на задолжителните пензиски фондови, на јавна понуда (дополнителна емисија на акции);
- купува должнички хартии од вредност кои ги исполнуваат условите за издавачот и емисијата од Правилникот за инвестирање на средствата на задолжителните пензиски фондови, во случај на јавна понуда; и
- купува документи за удел и поднесува барање за откуп на документите за удел директно од/на друштвото кое управува со отворени инвестициони фондови, издадени по пат на јавна понуда.

Член 22

Во однос на квалитетот на акциите, обврзниците и другите хартии од вредност во кои може да се вложат средствата на Прв задолжителен пензиски фонд и државите или групите на држави во кои може да се инвестираат средствата на Прв задолжителен пензиски фонд, Друштвото за управување ќе ги применува прописите со кои се уредуваат овие прашања.

Исто така, Друштвото за управување, при инвестирањето на средствата на Прв задолжителен пензиски фонд ќе ги применува и прописите донесени од страна на Агенцијата со кои се уредуваат условите кои мора да ги исполнуваат издавачите на хартиите од вредност и регулираните секундарни пазари на капитал.

Член 23

Инвестирањето на средствата на Прв задолжителен пензиски фонд, Друштвото за управување ќе го врши со цел остварување највисок принос единствено во корист на членовите и пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд и

преку диверзификација и финансиска анализа да се минимизира ризикот од загуби:

а) кои настанале поради неплаќање на издавачот или другата договорна страна

б) кои произлегуваат од влијанието на домашните и странски финасиски пазари

в) во реалната вредност на средствата на задолжителниот пензиски фонд поради инфлација и

г) кои се последица од продажба на средствата на задолжителниот пензиски фонд поради обезбедување на ликвидност на задолжителниот пензики фонд.

Членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор во Друштвото за управување при управување и контролата на инвестирањето на средствата на задолжителниот пензиски фонд се должни да применуваат степен на грижа, делотворност и вештини кои би ги применувал разумен човек при инвестирање на сопствените средства.

Член 24

Структурата на инвестициите Друштвото за управување ќе ја прилагодува на фактичката состојба на пазарот и конкретните инвестициони состојби со цел да се остварат стабилни и високи приноси во Прв задолжителен пензиски фонд.

Средствата на Прв задолжителен пензиски фонд можат да се инвестираат само во следните видови инструменти:

а) депозити во банки кои имаат дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија, доколку носат камата;

б) обврзници и други хартии од вредност што ги издала или за кои гарантира Народната банка на Република Македонија;

в) сертификати за депозит, комерцијални записи и обврзници издадени или гарантирани од банки кои имаат дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија;

г) хартии од вредност врз основа на хипотека издадени од банки кои имаат дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија;

д) обврзници и други хартии од вредност што ги издава или за кои гарантира Република Македонија на домашниот пазар;

ѓ) акции од домашни акционерски друштва кои не се затворени инвестициони фондови, издадени врз основа на одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и кои котираат на официјалниот пазар или се тргуваат на пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување во рамки на редовниот пазар на берзата на хартии од вредност или на друг организиран пазар на хартии од вредност во Република Македонија што го контролира Комисијата;

е) обврзници издадени врз основа на одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и кои котираат на официјалниот пазар на берзата на долгорочни хартии од вредност или на друг организиран пазар на хартии од вредност во Република Македонија што го контролира Комисијата, издадени од единиците на локалната самоуправа и од домашни акционерски друштва кои не се банки;

ж) комерцијални записи издадени од првокласни акционерски друштва во Република Македонија кои не се банки;

з) документи за удел и акции на отворени инвестициски фондови, затворени инвестициски фондови и приватни инвестициски фондови регистрирани во Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, при што средствата на приватните инвестициски фондови се вложуваат во акции и удели на микро, мали и средни трговски друштва во Република Македонија, дефинирани со Законот за трговски друштва;

ѕ) обврзници и други хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки на државите членки на Европската унија и на ОЕЦД;

и) должнички хартии од вредност кои имаат рејтинг препорачлив за инвестирање според меѓународни кредитни рејтинг агенции, издадени од недржавни, странски компании или банки од државите членки на ЕУ и на ОЕЦД;

ј) акции издадени од странски компании или банки кои имаат рејтинг препорачлив за инвестирање според меѓународни кредитни рејтинг агенции, со кои се тргува на главните берзи во државите членки на ЕУ и на ОЕЦД;

к) документи за удел, акции и други инструменти издадени од овластени инвестициони фондови со седиште во држава - членка на ЕУ или на ОЕЦД, што инвестирале претежно во инструменти кои котираат на берзите во тие држави и чија инвестициона политика дозволува користење на деривативни инструменти најмногу до 20% од средствата на инвестиционот фонд, единствено со цел за заштита на средствата и обврските на инвестициониот фонд или за поефикасно остварување на целите на инвестиционата политика на инвестициони фондови кои ги следат перформансите на одреден индекс;

л) друг вид на вложување согласно актите на Агенцијата, под услов тоа да не е во спротивност со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Вложувањата во одделни видови инструменти согласно со став 2 на овој член подлежат на следниве ограничувања:

а) најмногу 50% од вредноста на средствата на Прв задолжителен пензиски фонд можат да се вложуваат во инструменти на странски издавач надвор од Република Македонија. Во рамките на ова ограничување најмногу 30% од вредноста на средствата на Прв задолжителен пензиски фонд можат да се вложуваат во инструменти наведени во став 2 точка и), ј), и к) од овој член;

б) најмногу 80% од вредноста на средствата на Прв задолжителен пензиски фонд можат да се вложат во инструменти наведени во став 2 точки б) и д) на овој член;

в) најмногу 60% од вредноста на средствата на Прв задолжителен пензиски фонд можат да се вложат во инструментите од став 2 точки а), в) и г) на овој член од кои најмногу 30% од средствата на Прв задолжителен пензиски фонд, можат да се инвестираат во инструментите од став 2 точка а) на овој член;

г) најмногу 40% од вредноста на средствата на Прв задолжителен пензиски фонд можат да се вложат во инструментите наведени во став 2 точки е) и ж) на овој член. Во рамките на ова ограничување најмногу 10% од вредноста на средствата на Прв задолжителен пензиски фонд можат да се вложуваат во обврзници издадени од единиците на локалната самоуправа.

д) најмногу 30% од вредноста на средствата на Прв задолжителен пензиски фонд можат да се вложат во инструментите наведени во став 2 точка ѓ) на овој член и

ѓ) најмногу 5% од вредноста на средствата на Прв задолжителен пензиски фонд можат да се вложат во инструментите наведени во став 2 точка з) на овој член. Во рамките на ова ограничување најмногу 1,5 % од средствата на Прв задолжителен пензиски фонд можат да се вложат во документи за удел на приватните инвестициски фондови.

## IX НАДОМЕСТОЦИ И ТРОШОЦИ

Член 25

Согласно законот, актите донесени од страна на Агенцијата и овој Статут предвидени се следните надоместоци и трошоци на товар на Прв задолжителен пензиски фонд: надоместок од придонеси, надоместок за управување со средствата, надоместок за премин и трансакционите провизии.

Член 26

Друштвото за управување од секој поединечен член кој има индивидуална сметка во Прв задолжителен пензиски фонд ги наплаќа следните надоместоци:

- надоместок од придонес, како процент од секој уплатен придонес во Прв задолжителен пензиски фонд (надоместок од придонеси) во износ од 2,25% од уплатените придонеси пред нивно претварање во сметководствени единици

- месечен надоместок во висина на 0,03% од вредноста на вкупните нето средства на секоја индивидуална сметка во пензискиот фонд (надоместок за управување со средствата).

Друштвото за управување наплатува надоместок од придонеси и надоместок за управување со средствата за секоја индивидуална потсметка, во рамките на посебната сметка во Прв задолжителен пензиски фонд со кој тоа друштво управува. Посебната сметка во Прв задолжителен пензиски фонд, се состои од индивидуални сметки кои припаѓаат на оние лица кои се уште немаат потпишано договор за членство.

Надоместокот за управување на членовите на Прв задолжителен пензиски фонд е еднаков за сите членови на задолжителниот Пензиски фонд.

Друштвото за управување наплаќа надоместок за премин на член на Прв задолжителен пензиски фонд во друг пензиски фонд во случаи утврдени со закон.

Во однос на начинот на пресметка и времето на плаќање на надоместоците на друштвата, се применуваат прописите донесени од страна на Агенцијата.

Висината на надоместокот од став 1 алинеа 1 од овој член, почнувајќи од 01.01.2020 година ќе изнесува 2% од секој уплатен придонес.

Член 26-а

Друштвото за управување од корисниците на пензија од Прв задолжителен пензиски фонд со програмирани повлекувања наплаќа месечен надоместок во висина на 0,03% од вредноста на вкупните нето средства на секоја индивидуална сметка во пензискиот фонд (надоместок за управување со средствата).

Друштвото за управување може да наплатува трансакциски трошоци за исплата на пензиите преку програмирани повлекувања.

Член 27

Висината на надоместокот за премин е определена со износите наведени во табелата, кои се определени врз основа на бројот на денови од датумот кога членот се стекнал со статус на член во постојниот задолжителен пензиски фонд до датумот на пренос на средствата на индивидуалната сметка на членот во идниот задолжителен пензиски фонд:

| Број на денови | Износ на надоместок за премин |
|---|---|
| Број на денови ≤ 720 | 15 Евра |
| Број на денови> 720 | не се плаќа надоместок за премин |

Износот на надоместокот од став 1 на овој член се пресметува во денарска противвредност на еврото по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата на средствата.

По исклучок на став 1 на овој член, во случај на прво членство во задолжителен пензиски фонд, бројот на денови се пресметува од првиот ден во месецот за кој членот стекнал право на придонес во задолжителниот пензиски фонд.

Член 28

Месечниот надоместок што го наплаќа Агенцијата од друштвата за управување, надоместокот за работите што ги врши чуварот на имотот и месечниот надоместок што го наплаќа Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија се на товар на Друштвото за управување.

Член 29

Трошоците по основ трансакционите провизии во врска со трансакциите на стекнување и пренос на средствата на задолжителниот пензиски фонд се плаќаат од средствата на членовите и пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд.

Трансакционите трошоци се пресметуваат како процент од секоја извршена трансакција со средствата на задолжителниот пензиски фонд и се одбиваат од средствата на фондот. Трансакционата провизија се пресметува и наплаќа врз основа на договорот со правното лице кое ја врши услугата со хартиите од вредност, кое е избрано според постапка пропишана со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Заради обезбедување на конкуренција во делот на трансакционите провизии што ги наплатуваат домашните правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност, изборот се врши врз основа на најповолна понуда на висината на трансакционите провизии кои ќе ги наплаќа домашното правно лице кое врши услуги со хартии од вредност за извршувањето на своите услуги, доколку ги исполнило критериумите предвидени со Правилникот за потребниот обем на тргување и неопходната кадровска, техничка и организациона оспособеност на домашните правни лица кои можат да бидат избрани за вршење на услуги со хартии од вредност.

Друштвото за управување е должно да врши контрола на провизиите што се исплаќаат на правното лице кое ја врши услугата со хартиите од вредност од средствата на задолжителниот пензиски фонд со кој управува Друштвото.

## X ПРОЦЕНКА НА НЕТО СРЕДСТВАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

Член 30

Друштвото за управување врши проценка на средствата на задолжителниот пензиски фонд секој ден согласно закон и Правилникот за проценка на средствата на задолжителниот пензиски фонд и апликативното решение изготвено согласно наведените прописи за информативна подршка на проценка на средствата.

Вредноста на нето средствата на задолжителниот пензиски фонд се утврдуваат со одземање на обврските на задолжителниот пензиски фонд, освен обврските кои членовите и пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд.

## XI ВНАТРЕШНИ ПРАВИЛА И ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Член 31

Друштвото за управување заради доследна примена на законите и другите прописи со посебни правила го уредува однесувањето и работењето на друштвото во врска со управувањето и инвестирањето на средствата на задолжителниот пензискиот фонд, на работењето со индивидуалните сметки и избегнувањето на конфликти на интереси при инвестирање на средствата на задолжителниот пензискиот фонд.

Член 32

Друштвото за управување воспоставува посебна организациона единица - Внатрешна ревизија, која за својата работа одговара на Надзорниот Одбор на Друштвото. Внатрешната ревизија врши постојана и целосна контрола на законитоста и ажурноста на работењето, следењето на прописите и внатрешните процедури и политики, давајќи мислење за генералната ефективност на системот на внатрешни контроли и управување со ризиците, како и давање на препораки до менаџментот, за унапредување на истите.

Член 33

Заради заштита на интересите на членовите и пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд и избегнување на кофликт на интереси, средствата на Прв задолжителен пензиски фонд нема да се инвестираат во хартии од вредност издадени од акционерот на Друштвото за управување, чувар на имотот и поврзаните лица определени во Законот за задолжително капитално финасирано пензиско осигурување.

Во случаите кои не се опфатени со став еден од овој член избегнувањето на конфликт на интереси Друштвото за управување ќе го решава преку воспоставување на обврска на лицата кои одлучуваат или пак учествуваат во изготвувањето и предлагањето на одделни акти и други материјали, пред одлучување, изготвување, предлагање и слично да го пријават секој интерес или поврзаност дури и на посреден начин со деловната активност на друштвото за управување, поврзана со средствата на Прв задолжителен пензиски фонд.

## XII ЕТИЧКИ ПРАВИЛА

Член 34

Друштвото за управување, во управувањето со средствата на пензискиот фонд ќе се раководи од принципите: справедливост, чесност и грижливост кон средствата на пензискиот фонд, транспарентност во управувањето со средствата, со една единствена цел остварување на интересите на членовите на задолжителниот пензиски фонд.

Член 35

Во управувањето со средствата на Прв задолжителен пензиски фонд Друштвото за управување ќе постапува со внимание на уреден и совесен трговец, користејќи ги притоа најдобрите вештини и искуство на деловните активности во сверата на управување со средствата на задолжителните пензиски фондови.

## XIII ВОДЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВОТО Н А ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

Член 36

Друштвото за управување, сметководството на Прв задолжителен пензиски фонд ќе го води во согласност со законите и другите прописи од областа на капиталното финансирано пензиско осигурување и со меѓународните сметководствени стандарди.

## XIV ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД ОД СТРАНА ЧЛЕНОТ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

Член 37

Средствата од сметката на членот и пензионираниот член на Прв задолжителен пензиски фонд се дел од нивниот личен имот.

Правата на користење и на располагање со тие средства не можат да се остварат се до денот на пензионирање, смрт или инвалидност на членот согласно со закон.

Член 38

Кога член на Прв задолжителен пензиски фонд ќе стекне право на старосна пензија според Законот за пензиско и инвалидско осигурување, целиот износ на акумулираните средства на неговата сметка ќе се искористи, со право на личен избор на членот и тоа за:

- купување на пензиски ануитет (доживотен непосреден ануитет) кој се исплаќа до крајот на животот од друштво за осигурување овластено за оваа цел, или
- програмирани повлекувања обезбедени од Друштвото на управување со кое ќе склучи договор за програмирани повлекувања или
- комбинација на опциите наведени во алинеите 1 и 2 од овој став.

За исплата на средствата од индивидуална сметка преку доживотен непосреден ануитет, членот потпишува полиса за ануитет со друштво за осигурување, за исплата на средствата преку програмирани повлекувања, членот потпишува договор за програмирани повлекувања со пензиско друштво, а во случај на исплата на средствата преку комбинација од привремени програмирани повлекувања и доживотен одложен ануитет, членот потпишува и договор со пензиско друштво и полиса со друштво за осигурување.

Полисата за ануитет е нераскинлив договор. Друштвото за осигурување не смее да ја раскине полисата за ануитет ниту во случај на согласност на корисникот на пензија.

Корисникот на пензија може да ги замени доживотните програмирани повлекувања обезбедени од едно пензиско друштво со користење на преостанатите расположливи средства од индивидуалната сметка за купување доживотни програмирани повлекувања од друго пензиско друштво, купување на доживотен ануитет од друштво за осигурување или со купување на привремени програмирани повлекувања комбинирани со доживотен одложен ануитет;

Во случај корисникот на пензија да одбрал привремени програмирани повлекувања во комбинација со доживотен одложен ануитет, може во секој момент да ги замени привремените програмирани повлекувања обезбедени од едно пензиско друштво со користење на преостанатите расположливи средства од индивидуална сметка за купување на привремени програмирани повлекувања од друго пензиско друштво за преостанатиот период, но не може да ја раскине полисата за одложен ануитет.

Член 38-а

Членот на Прв задолжителен пензиски фонд кој остварил право на пензија согласно закон, поднесува барање за остварување право на старосна пензија до Фондот на ПИОМ.

Фондот на ПИОМ доставува копија од решение за признавање/непризнавање право на старосна пензија до Друштвото за управување.

Членот поднесува барање до Друштвото за управување, а Друштвото за управување во име на членот започнува постапка за котација во Центарот за котација.

Во барањето до Друштвото за управување членот определува кои видови на исплати на пензија сака да бидат вклучени во котацијата.

Во рок од 5 дена од приемот на барањето за котација, Друштвото за управување е должно да поднесе барање за котација до Центарот за котација.

Друштвата за осигурување и пензиските друштва се должни во рок од 5 дена од денот на внесувањето на барањето за котација во Центарот за котација да ги презентираат своите понуди, а откако Друштвото за управување кое во име на членот поднело барање за котација ќе ја добие збирната табела, го известува членот на пензискиот фонд дека се добиени понуди од друштво за осигурување и/или пензиско друштво.

По барање на членот, Друштвото за управување е должно да достави збирна табела со сите добиени понуди, заверена и потпишана од друштвото.

По вака доставената табела, членот врши избор на видот на исплатата на средствата од неговата индивидуална сметка.

Друштво за осигурување и пензиско друштво не смее да одбие склучување на договор или полиса за ануитет со член кој ја одбрал неговата понуда.

Член 38-б

Корисник на пензија од прв столб може да одложи остварување пензија од втор столб најмногу до 3 години од денот на стекнувањето на правото на старосна пензија од прв столб.

По истекот на периодот од став 1 на овој член, корисникот на пензија треба да избере еден од пропишаните видови на исплата на пензија од втор столб.

Доколку пак и по истек на периодот од став 1 на овој член корисникот не избере еден од пропишаните видови на исплата на пензија, станува корисник на пензија од втор столб преку доживотни програмирани повлекувања од задолжителниот пензиски фонд каде што тој има индивидуална сметка.

Член 39

Кога член на Прв задолжителен пензиски фонд ќе стекне право на инвалидска пензија, или во случај на смрт на член на Прв задолжителен пензиски фонд чии членови на семејството имаат право на семејна пензија, согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, при поднесување на барање за инвалидска или семејна пензија до Фондот на ПИОМ го доставува и називот на Друштвото за управување кое управува со Прв задолжителен пензиски фонд во кој е индивидуалната сметка на членот.

Фондот на ПИОМ до Друштвото за управување ги доставува законски пропишаните податоци и износот на пензија која би се исплатила од прв столб.

Друштвото за управување пресметува семејна пензија преку програмирани повлекувања според следниве правила:

а) Доколку има најмалку еден корисник кој семејната пензија ќе ја користи доживотно, се пресметува поединечна доживотна пензија преку програмирани повлекувања за најмладиот корисник кој ќе ја користи пензијата доживотно. Доколку вака пресметаната семејна пензија е поголема или еднаква на пензијата пресметана од Фондот на ПИОМ, тогаш носителот на правото на семејна пензија има право да избере дали:

- Средствата на индивидуална сметка на членот ќе ги задржи и ќе се откаже од семејната пензија од прв столб, по што Друштвото за управување започнува со исплата на програмирани повлекувања;

- Средствата од индивидуалната сметка на членот ќе се пренесат во Фондот на ПИОМ од каде ќе се исплатува семејната пензија.

б) Доколку нема корисници кои семејната пензија ќе ја користат доживотно, се пресметува поединечна привремена пензија преку програмирани повлекувања за најмладиот корисник кој ќе ја користи пензијата времено. Доколку вака пресметаната семејна пензија е поголема или еднаква на пензијата пресметана од Фондот на ПИОМ, тогаш носителот на правото на семејна пензија има право да избере дали:

- Средствата на индивидуална сметка на членот ќе ги задржи и ќе се откаже од семејната пензија од прв столб, по што Друштвото за управување започнува со исплата на програмирани повлекувања;

- Средствата од индивидуалната сметка на членот ќе се пренесат во Фондот на ПИОМ од каде ќе се врши исплата.

Друштвото за управување пресметува инвалидската пензија за членот како поединечна доживотна пензија како програмирани повлекувања и доколку вака пресметаната пензија е поголема или еднаква на пензијата пресметана од Фондот на ПИОМ, тогаш носителот на правото на семејна пензија на вториот столб има право да избере дали:

- Средствата на индивидуална сметка на членот ќе ги задржи и ќе се откаже од инвалидската пензија од прв столб, по што Друштвото за управување започнува со исплата на програмирани повлекувања;

- Средствата од индивидуалната сметка на членот ќе се пренесат во Фондот на ПИОМ од каде ќе се исплатува инвалидска пензија.

Доколку пресметаната семејна или индвалидска пензија од втор столб е помала од износот на пензија од прв столб, средствата на членот се пренесуваат во Фондот на ПИОМ од каде се врши исплата на семејна односно инвалидска пензија.

Кога член или времено распределен осигуреник на Прв задолжителен пензиски фонд ќе стекне право на времена инвалидска пензија, согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, времената инвалидска пензија ја исплаќа Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, а средствата од индивидуалната сметка на членот остануваат во Прв задолжителен пензиски фонд се додека членот не оствари право на староснa, инвалидска или семејна пензија.

Член 39-а

Висината на програмираните повлекувања прв пат се пресметува на денот на остварување на правото на пензија, а потоа повторно се пресметува на секои 12 месеци од Друштвото за управување.

При првата пресметка на програмираните повлекувања Друштвото за управување е должно да ги користи следните параметри: вкупниот износ на средствата на индивидуалната сметка, ануитетен фактор за поединечна пензија, возраст на корисникот на пензија и пазарната стапка на принос. При повторната пресметка на програмираните повлекувања Друштвото за управување е должно да ги користи следните параметри: новиот износ на средствата на индивидуалната сметка, новиот ануитетен фактор за поединечна пензија, новата возраст на корисникот на пензија и новите услови за пазарна стапка на принос.

Друштвото за управување е должно програмираните повлекувања да ги исплатува месечно, не подоцна од 25-ти во месецот за претходниот месец, со пренос на средства на трансакциска сметка на корисникот на пензија.

Насоки за пресметки на програмираните повлекувања и проверка дали направените пресметки и користените таблици на смртност и каматни стапки се пресметани во согласност со закон и подзаконските акти, дава и врши овластениот актуар на Друштвото за управување.

Член 40

Доколку починатиот член на Прв задолжителен пензиски фонд нема членови на семејството кои имаат право на семејна пензија согласно со Законот за пензиско и инвалидско осигурување, средствата од сметката на тој член стануваат дел на оставинска маса на оставителот и со тие средства се постапува согласно со Законот за наследување.

Член 41

Кога член на Прв задолжителен пензиски фонд нема да стекне право на старосна пензија според Законот за пензиското и инвалидското осигурување, заради тоа што нема навршено пензиски стаж најмалку 15 години, може да купи месечен пензиски ануитет доколку износот на ануитетот е еднаков или поголем од 40% од најнискиот износ на пензија.

Кога пресметаниот износ на пензискиот ануитет од ставот 1 на овој член е помал од 40% од најнискиот износ на пензија, Прв задолжителен пензиски фонд на членот наеднаш ќе му ги исплати акумулираните средства на неговата сметка.

Купувањето пензиски ануитет и исплата на акумулираните средства согласно со ставовите 1 и 2 на овој член може да се изврши по навршување на 65 години на живот.

Членот на Прв задолжителен пензиски фонд од став 1 на овој член за остварување на пензија само од втор столб поднесува до Друштвото за управување барање за оставување право на пензија и изјава заверена на нотар дека се откажува од правото на пензија од прв столб и правото на најнизок износ на пензија.

Друштвото за управување во рок од три дена од денот на приемот на барањето од став 4 на овој член доставува барање до Фондот на ПИОМ да достави потврда дека членот нема остварено право на пензија поради неисполнување на условите по однос на должината на пензискиот стаж.

Фондот на ПИОМ е должен да ја достави потврдата од став 5 на овој член во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

## XV. ИЗВЕСТУВАЊА И ИНФОРМИРАЊЕ

### Член 42

Друштвото за управување најдоцна до 31 март секоја тековна година, објавува информативен проспект за Прв задолжителен пензиски фонд со состојба на 31 декември претходната година, со податоци пропишани од страна на Агенцијата, во еден од дневните весници: Нова Македонија, Слободен печат, Независен весник и Вечер.

Друштвото за управување најдоцна до 31 март секоја тековна година, објавува информативен проспект за Прв задолжителен пензиски фонд со состојба на 31 декември претходната година, со податоци пропишани од страна на Агенцијата, на својата интернет страна.

Друштвото за управување редовно, а најмалку еднаш годишно да ги информира во писмена форма членовите и пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд за состојбата на средствата на нивните индивидуални сметки, за датумите на уплата на придонесите и на преносот на средствата за членот на тој фонд во текот на односниот период и за претворањето на придонесите и пренесените средства во сметководствени единици.

Најмалку еднаш годишно, Друштвото доставува податоци до секој член и пензиониран член на Прв задолжителен пензиски фонд за вредноста и учеството на средствата на пензискиот фонд инвестирани во одделен вид на средства, вклучувајќи и податоци за издавачот на односната хартија од вредност, на последниот датум на процена заклучно со 31 декември секоја година, трансакционите провизии кои ги платиле Друштвото во периодот од последниот извештај и за просечниот износ на таквите трошоци по една сметководствена единица.

Известувањата од став 3 од овој член, по претходна согласност од членот, односно пензионираниот член, наместо во писмена форма може да се доставуваат и во електронска форма.

Известувањата од став 4 од овој член, по претходна писмена согласност од членот, односно пензионираниот член, наместо во писмена форма може да се доставуваат и во електронска форма.

### Член 43

Друштвото за управување согласно закон, задолжително ги доставува сите потребни информации, извештаи и друга докуменатација до Агенцијата.

### Член 44

Друштвото за управување покрај известувањето и информирањето наведено во член 42 и 52 и прописите од областа на задолжителното капитално финасирано пензиско осигурување, членовите и пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд редовно ќе ги информира преку некое од средствата за информирање ( медиуми, радио и дневни весници и веб страната на Друштвото за управување), за сите важни и значајни прашања што се однесуваат за членовите и пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд.

## XVI ПОПЛАКИ ОД ЧЛЕНОВИ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

### Член 45

Членовите и пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд можат заради остварување на своите права во случај на одделни пропусти, недоразбирања или повреди на нивните права, до Друштвото за управување да достават поплака за работата на друштвото односно вработениот во друштвото за управување.

Друштвото за примените поплаки води посебен регистар во кој задолжително се наведува кратка содржина на поплаката.

### Член 46

При разгледувањето на секоја примена поплака, друштвото за управување ќе и пристапи со особено внимание и грижливост и согласно актите на друштвото за управување.

### Член 47

Доколку во постапката на испитување на поплаката се откријат одредени нерегуларности Друштвото за управување за тоа ја известува Агенцијата.

### Член 48

Начинот на прием на поплаките, постапката и другите прашања сврзани со поплаките друшвото ги уредува со посебен акт.

## XVII ДЕЛОВНА ТАЈНА

### Член 49

Под деловна тајна се подразбираат сите податоци и документи што се сврзани со работењето на друштвото за управување, така што секое нивно изнесување би било спротивно на интересите на Друштвото за управување и членовите/пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд, или пак со закон или друг пропис е утврдено дека се сметаат за деловна тајна.

Како деловна тајна за Друштвото за управување особено се сметаат:

- податоците за членовите и пензионираните членови;
- податоците за индивидуалната сметка на членовите и пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд;
- други податоци за членовите и пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд;
- одлуките за инвестиционо вложување.

Со наведените податоци располага единствено, друштвото за управување, Агенцијата, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и други субјекти утврдени со закон.

### Член 50

Членовите на органите на управување и надзор на Друштвото за управување, вработените како и другите лица кои вршат повремени работи врз основа на договор, се должни да ја чуваат деловната тајна.

Лицата наведени во став 1 на овој член не смеат доверливите информации да ги користат за стекнување на

имотна корист за себе или друг и секоја повреда повлекува материјална и друга одговорност.

За остварување на целта понапред наведена Друштвото за управување ќе донесе посебни правила за спречување на изнесување на деловна тајна и користење на информациите определени како деловна тајна.

Друштвото за управување ќе обезбеди и техничка заштита на податоците определени како деловна тајна преку заштита на податоците во компјутерскиот систем и контролен пристап до системот.

## XVIII ГАРАНЦИИ

### Член 51

Под услови утврдени со закон се врши уплата на средства во задолжителниот Пензиски фонд од Буџетот на Република Македонија.

## XIX ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 52

Измена на овој Статут се врши на предлог на Друштвото за управување, за што согласност дава Надзорниот одбор и Агенцијата.

За секоја измена и дополнување на Статутот на задолжителниот пензиски фонд навреме се известуваат членовите и пензионираните членови на задолжителниот пензиски фонд преку објава на информација за извршените измени и дополнувања на Статутот најмалку во еден од најтиражните дневни весници што се дистрибуираат на целата територија на Република Македонија.

### Член 53

Центарот за котација од член 38-а ќе се основа во рок од три месеци од денот на издавањето на првата дозвола за вршење на работи на осигурување во класата на ануитети и исплатува ануитети за корисници на пензија.

До основање на Центарот за котација собирањето и презентирањето на понудите за пензиите од втор столб ќе се извршува од пензиското друштво кое управува со задолжителниот пензиски фонд каде членот има индивидуална сметка.

### Член 54

Членот 5 ст.2 од овој Статут ќе се применува почнувајќи од 03.10.2018 година.

До денот на примена на членот 5 ст. 2 од Статутот чувар на имотот на Прв задолжителен пензиски фонд е НЛБ Банка АД Скопје.

### Член 55

(член 3 од Одлуката за измена и дополнување на Статутот на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје бр.02-6919/2 од 03.12.2018 година)

Измената на членот 2 ст.4 од Статутот и измената од членот 3 ст.3 од Статутот ќе започнат да се применуваат почнувајќи од 25.03.2019 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**
**НА КБ ПРВО ПЕНЗИСКО**
**ДРУШТВО АД СКОПЈЕ**
**Весна Стојановска**

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО